КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01- 799/3
23.05 2023 год.
СКОПЈЕ

*Република Северна Македонија*
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Во врска со Правилникот за начинот за спроведување на стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање, програмата за полагање на испитот, висината на надоместокот за трошоците за испитот, коко и надоместоците за членовите на испитната комисија, за програмата и испитните прашања и други аспекти на организацијата, содржината и формата на обрасците за испитот и на уверението за положен стручен испит (Сл. Весник на РСМ бр. 219/22, од 12.10.2022) (во понатамошниот текст: правилникот), решението за формирање на комисија за полагање на стручен испит од областа на урбанистичкото планирање бр.02-6486/1 од 30.11.2022 година и врз основа на член 15 став 1 точка 22 од Статутот на Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија, Управниот одбор на седницата одржана на 23 мај 2023 година, донесе пречистен текст на

# УПАТСТВО

за работа на Комисијата за полагање на стручен испит од областа
на урбанистичкото планирање

**Член 1**

Со ова упатство се разработуваат практичните аспекти од организирањето на стручен испит од областа на урбанистичкото планирање, аспекти од начинот на работата на Комисијата за полагање на стручен испит од областа на урбанистичкото планирање (во понатамошниот текст: комисијата), деталите во врска со толкувањето на стручното искуство и стручните референци неопходни за полагање на стручниот испит, како и деталите за општиот, посебниот и практичен дел од стручниот испит од областа на урбанистичкото планирање (во понатамошниот текст: стручен испит).

**Член 2**

За полагање на стручниот испит кандидатот поднесува барање во електронска форма до Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во понатамошниот текст: Комората) на електронската адреса: ispiturbanizam@komoraoai.mk, преку формуларот во прилог 1 од Правилникот за начинот за спроведување на стручниот испит од Министерство за транспорт и врски.

Пристап до електронската адреса имаат сите членови на комисијата. Одговорно лице за севкупно администрирање на електронските пораки, иницијална проверка на доставените документи, комуникација со кандидатите и генерирање на листи за полагање на стручниот испит е секретарот на комисијата.

**Член 3**

Со барањето од член 2 од ова упатство, кандидатот треба да приложи и скенирани документи како:

1. доказ дека го исполнува условот за стекнато високо образование од член 67 став (1) од Законот за урбанистичко планирање, како и
2. доказ дека го исполнува условот за работно искуство од најмалку 12 месеци по стекнување на условот за високот образование од точка 1 од овој член, а до денот на полагање на стручниот испит, и соодветни професионални резултати во областа на урбанистичкото планирање од член 67 од Законот за урбанистичко планирање и членовите 5, 6 и 7 од ова упатство,
3. доказ за идентификација на кандидатот (копија од лична карта).

**Член 4**

Кандидатот треба да е дипломиран инженер архитект или магистер инженер архитект, кој завршил VIIA степен на високо образование, односно II циклус на студии-Магистерски академски студии со кои се стекнал со 300 кредити според Европскиот кредит – трансфер систем (ЕКТС).

Како доказ за завршено соодветно високо образование се смета дипломата за завршено соодветно образование, која ќе биде доставена по електронски пат на електронската адреса: ispiturbanizam@komoraoai.mk во pdf.формат, а на испит се носи оригиналот на дипломата во хартиена форма која кандидатот ја дава на увид на комисијата за верификација на електронската верзија.

**Член 5**

Под соодветно работно искуство во пропишаниот услов за полагање на стручниот испит се подразбира искуството стекнато во вршењето на:

- сите планерско-урбанистички, урбанистичко-проектантски, стручни, аналитички или нормативни работи од урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот што се вршат во правните лица со лиценца за изработување на урбанистички планови и проекти, во јавните установи и јавните претпријатија за урбанистичко планирање и во Агенцијата за планирање на просторот;- работите за донесување, следење и спроведување на урбанистички планови во органите и телата на државната управа или единиците на локалната самоуправа, и

- истражувачките и другите научни и стручни работи од областа на урбанистичкото планирање во високошколски институции од областа на урбанизмот како и во рамки на активностите на невладините организации.

Под време на стекнатото работно искуство се подразбира времето поминато на соодветни работи од областа на урбанистичкото планирање и уредување на просторот

опишани во претходниот став, после стекнување на степенот на високо образование дефиниран во чл.4 од упатството што лицето ги вршело со или без заснован работен однос во соодветното правно лице, врз основа на договори за дело или други договори со правни лица со лиценца за изработување на урбанистички планови, владини или невладини организации или истражувачки односно научно-истражувачки правни лица во период не помал од 12 месеци.

Како доказ за работното искуство се смета:

- изјава од правното лице каде кандидатот го стекнал професионалното искуство која содржи податоци за времето потрошено на соодветни работи од областа на урбанистичкото планирање и уредување на просторот, како и податоци и докази за работниот однос, договори за дело или други договори со правни лица, владини или невладини организации или истражувачки односно научно-истражувачки правни лица, како и доказ од ПИОМ со М4 образец за работен стаж.

**Член 6**

Под соодветни професионални резултати се подразбираат дела односно акти, документи од областите и дејностите опишани во членот 5 од ова Упатство, односно сите планерско-урбанистички работи од областа на урбанистичкото планирање, како што се изработка на урбанистички план, урбанистички проект, урбанистичко-плански документации, урбанистичко-проектни документации, стручна ревизија, годишна анализа или извештај за состојбите во просторот согласно законот за урбанистичко планирање, студии и елаборати потребни за изработување на урбанистички планови и урбанистички проекти.

Како доказ за соодветни професионални резултати во областа на урбанистичкото планирање кандидатот треба да приложи најмалку еден труд од претходниот став, во чијашто изработка учествувал, во електронска или печатена копија кој треба да биде изработен или заверен или на друг начин технички и званично завршен, а на кој кандидатот е потпишан во својство на соработник, учесник и изработувач.

**Член 7**

Странски државјани и кадидати кои образованието и работното искуство го стекнале во странство се пријавуваат и полагаат стручен испит согласно со одредбите од чл.4, чл.5 и чл.6 од ова Упатство при што треба да приложат нострифицирана преведена и заверена од овластен преведувач диплома за завршено соодветно високо образование, преведени и заверени од овластен преведувач документи со кои се потврдува работно искуство и за професионални резултати како и стручниот труд.

**Член 8**

Во случај на недоволна јасност на некој од поднесените документи, комисијата може да побара дополнителни информации односно докази од кандидатот пред да го стави на листата за полагање на стручниот испит.

**Член 9**

Програмата за стручниот испит предвидува наведените прописи кандидатите да ги совладаат на три степени на познавањето за успешно полагање на стручниот испит:

I. Важечките прописи за кои кандидатот треба да има општо познавање се: Уставот на Република Северна Македонија, деловите од прописите од законите за локалната самоуправа и за сопственоста и другите стварни права, како и законите за заштита на животната средина, културното наследство и други области релевантни за урбанистичкото планирање.

II. Важечките прописи што треба да се познаваат во целост и кои треба да обезбедат функционална писменост за спроведување, што се состои од законите од областа на просторното планирање, урбанистичкото планирање и градењето.

III. Урбанистички и архитектонски прописи што треба во потполност да се владеат и го претставуваат тесното подрачје на стручност за која се полага стручниот испит, односно прописите од областа на урбанистичкото планирање и градењето.

**Член 10**

Прописи потребни за полагање на општиот дел од стручниот испит:

1. Уставен поредок на Република Северна Македонија:
   – Устав на Република Северна Македонија;
2. Прописи од областа на локалната самоуправа и сопственоста и другите стварни права:
   - Закон за локалната самоуправа;
   - Закон за градот Скопје;
   - Закон за сопственост и други стварни права;
3. Прописи од областа на заштитата на животната средина, културното наследство, комуналните работи и други области релевантни за урбанистичкото планирање:
   - Закон за животната средина;
   - Закон за заштита на културното наследство;
   - Закон за јавните патишта;
   - Закон за земјоделско земјиште;
   - Закон за водите;

- Закон за шумите;
- Закон за градежно земјиште;
- Закон за експропријација;

**Член 11**

Прописи од областа на просторното планирање, урбанистичкото планирање и градењето за полагање на посебниот дел од стручниот испит:

- Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија;
- Закон за урбанистичко планирање;
- Закон за градење;
- Правилник за урбанистичко планирање и
- Правилник за стандарди и нормативи за проектирање.

**Член 12**

Практичниот дел од стручниот испит се полага во вид на дискусија во врска со стручниот труд во чијашто изработка учествувал кандидатот која ќе се смета како едно испитно прашање.

- Урбанистички план,
- Урбанистички проект,
- Урбанистичко-плански документации
- Урбанистичко-проектни документации
- Стручна ревизија со прилог од соодветниот план
- Годишна анализа на степенот и начинот на реализација на плановите со прилог од соодветните планови за кои е изработена истата
- Извештај за состојбите во просторот со прилог од соодветните планови за кои е изработена
- Студија или елаборат со прилог од соодветниот план

**Член 13**

Материјалите за подготовка за полагање на општиот, посебниот и практичниот дел од стручниот испит се објавени во посебни документи на веб страната на Комората.

**Член 14**

Во една испитна сесија што се одржува во еден работен ден Комисијата може да испита најмногу до 12 пријавени кандидати.

Доколку во една сесија се пријават повеќе од 12 кандидати Комисијата ги распоредува во групи од најмногу 12 пријавени кандидати, кои ќе го полагаат испитот во различни денови што за Комисијата ќе се сметаат како вонредни сесии, при што датумот и

местото на полагањето за стручен испит на секоја одделна група ќе биде објавен и доставен до кандидатите согласно Правилникот.

**Претседател на Управниот одбор**
М-р Кристинка Радевски